**20241943369**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ

Врз основа на член 67 став (9) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.32/20, 111/23 и 171/24), министерот за транспорт донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ, ПРОГРАМАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТОТ, ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИСПИТОТ, КАКО И НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА ИСПИТНАТА КОМИСИЈА, ЗА ПРОГРАМАТА И ИСПИТНИТЕ ПРАШАЊА И ДРУГИ АСПЕКТИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА ОБРАСЦИТЕ ЗА ИСПИТОТ И НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ПОЛОЖЕН СТРУЧЕН ИСПИТ

Член 1

Во Правилникот за начинот за спроведување на стручниот испит од областа на урбанистичкото планирање, програмата за полагање на испитот, висината на надоместокот за трошоците за испитот, како и надоместоците за членовите на испитната комисија, за програмата и испитните прашања и други аспекти на организацијата, содржината и формата на обрасците за испитот и на уверението за положен стручен испит („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.219/22), во член 4 во ставот (2) зборовите „и врски” се бришат.

Член 2

Прилог 3 се заменува со нов Прилог 3, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-3436/1
17 септември 2024 година
Скопје

Министер за транспорт,
**Александар Николоски,** с.р.

**ПРИЛОГ 3**

Република Северна Македонија

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ**

Врз основа на член 67 став (8) од Законот за урбанистичко планирање, министерот за транспорт издава

# УВЕРЕНИЕ ЗА ПОЛОЖЕН СТРУЧЕН ИСПИТ ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ

на

______________________________________________________________

______________________________________________________________

(име и презиме и место на живеење на кандидатот)

___________________________________________

(датум и место на полагање на стручниот испит од областа на урбанистичкото планирање)

**Бр.** __________________

(регистарски број на кандидатот во евиденцијата за лица што
го положиле стручниот испит од областа на урбанистичкото планирање)

Претседател на Комисијата за полагање на
стручниот испит од областа на урбанистичкото планирање

___________________________________________

(име и презиме со потпис)

**М.П.**

**МИНИСТЕР ЗА ТРАНСПОРТ**

________________ ________________________

(датум на издавање) (име и презиме со потпис)